РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

# *С Т Р А Т Е Ш К И  П Л А Н*

## *2016-2018 ГОДИНА*

***Август, 2015 година***



# *Почитувани,*

***М**инистерството за локална самоуправа во рамките на своите надлежности и утврдени приоритети, во целосна корелација со приоритетите и приоритетните цели и Програмата на Владата на Република Македонија, како и со националните документи за интегрирање во Европската Унија, во изминатиот тригодишен период беше посветено на подобрување на нормативната рамка и на зајакнување на институционалните капацитети за локален и за рамномерен регионален развој.*

*За таа цел беа подготвени измени на Законот за меѓуопштинска соработка, со што се прецизираше начинот за остварување на меѓународна соработка на општините, како и измени на Законот за рамномерен регионален развој, со цел да се обезбеди одржлив начин на финансирање на Центрите за развој на планските региони.*

*Врз основа на анализата на петгодишната имплементација, Стратегијата за регионален развој 2009-2019 година беше ревидирана и дополнета со нови приоритети и мерки, кои што се вградени во новите, втори по ред, петгодишни Програми за развој на планските региони. Подготвена е нова Програма за одржлив локален развој и децентрализација за периодот 2015-2020. Преку овој, шести по ред програмски документ, е операционализирана определбата на Република Македонија да продолжи со поттикнување на одржливиот локален развој, доброто локално владеење и создавање на услови за поактивна, поефективна и поиновативна улога на локалните власти во остварувањето на националните цели за раст и развој.*

*Министерството за локална самоуправа, како координатор на ИПА - прекугранична соработка успешно ја заокружи првата фаза од имплементацијата на овој предпристапен финансиски инструментна, со објавени вкупно 10 јавни повици во рамките на Програмите за прекугранична соработка со Бугарија, Албанија, Грција и со Косово и апсорбирани над седумдесет насто од расположливите средства од Европската Унија. За новиот седумгодишен програмски период, во рамките на ИПА 2, се подготвени нови Програми за прекугранична соработка со истите соседни земји, кои што ќе бидат имплементирани во периодот до 2020 година.*

*Постојаното подобрување на квалитетот на живеење на сите граѓани е основата на која што Министерството за локална самоуправа ги развива и унапредува политиките за функционална локална самоуправа и рамномерен развој, со ефективно реализирање на средства од буџетот на државата, од Европската Унија и други традиционални донатори и поддржувачи како што се УНДП, ГИЗ и СДЦ.*

*И во наредниот тригодишен стратешки период, 2016-2018 година, Министерството за локална самоуправа останува посветено на развојот на општините и на планските региони, преку воспоставување и поддршка на конкретни механизми за поттикнување на локалниот и на регионалниот развој, како и на воедначување на локалните јавни услуги преку воведување на иновативни пристапи, отвореност и зголемено граѓанско учество.*

*Имплементацијата на вторите Програми за прекугранична соработка со Бугарија, Албанија, Грција и со Косово се очекува да биде интензивирана со објавувањето на јавните повици за финансирање на проекти во повеќе области. Со оглед на искуството и капацитетите што во првиот ИПА период, 2007-2013, ги изградија Министерството за локална самоуправа, како и потенцијалните корисници на средства како што се општините, граѓански организации, бизнис асоцијации, универзитети и дуги непрофитни правни субјекти, реално е, во вториот ИПА период до 2020 година да се очекува уште поголема апсорбција на средствата од Европската Унија. Тоа би значело реализација на голем број успешни проекти со вклученост на сите заинтересирани страни, директно влијание на развојот на општините и на планските регионите и намалување на разликите во поширок регионален контекст.*

***Министер***

***M-r Lirim Shabani***

## 1.1 *В О В Е Д*

Стратешкиот план на Министерството за локална самоуправа 2016-2018 година  ги содржи приоритетите и целите на Министерството, како и програмите, проектите и активностите за нивна реализација..

Планот е подготвен врз основа на нормативната рамка за стратешко планирање и расположивите човечки ресурси, имајќи ги предвид Програмата за работа на Владата на Република Македонија  2014-2018 година,  утврдените стратешки приоритети на Владата на Република Македонија за 2015 година, и Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА).

При подготовката на планот  се земени предвид следните начела:

- Поврзаност на мисијата на Министерството за локална самоуправа со надлежностите утврдени во Законот за организација и работа на органите на државната управа, како и во материјалните закони: Законот за локалната самоуправа, Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, Законот за градот Скопје, Законот за рамномерен регионален развој, Законот за меѓуопштинска соработка, Законот за државен инспекторат за локална самоуправа и Регулативата на Европската Унија за воспоставување и спроведување на инструментот за претпристапна помош  за земјите од Западен Балкан и Турција.
- Реална остварливост со видлива усогласеност меѓу целите и капацитетите на Министерството за локална самоуправа,
- Транспарентност и разбирливост за јавноста,
- Мерливост на очекуваните резултати преку јасни и транспарентни показатели на успешност

Утврдените приоритети и цели на Министерството се во функција на спроведување на мисијата на Министерството и обезбедување на рамка за планирање во согласност со фискалната стратегија на Владата на Република Македонија за планскиот период.

## 1.2 *М И С И Ј А*

Министерството за локална самоуправа се грижи за функционалноста на системот на локалната самоуправа заради обезбедување на квалитетни и воедначени јавни услуги за граѓаните, како и за рамномерниот развој на државата преку поттикнување на локалниот и на регионалниот развој и на прекуграничната сореаботка.

Министерството остварува координација со другите надлежни министерства, општините и со други засегнати страни.

## 1.3 *В И З И Ј А*

Функционални и развојно ориентирани општини и плански региони.

## 1.4 *З А Д А Ч И И О Б В Р С К И*

-Подготовка на закони и подзаконски акти за уредување и за развој на системот за локална самоуправа и за рамномерен регионален развој,

- Следење на развојот и предлагање мерки за унапредување на локалната самоуправа;
- Следење и поттикнување на рамномерниот регионален развој;
- Следење на функционалноста на територијалната организација на локалната самоуправа
- Поттикнување, подржување и следење на меѓуопштинската соработка

- Спроведување програми за прекугранична соработка и транснационалната програма за макро- регионална соработка согласно одредбите од Регулативата на Европската Унија за спроведување на Инструментот за претпристапна помош која е во сила

- Водење на регистри и евиденции согласно закон (регистарот на грбовите и знамињата на општините, евиденција на воспоставените облици на меѓуопштинска соработка, евиденција на меѓународната соработка на општините, евиденција на облиците на месна самоуправа, евиденција за развојните потенцијали на општините и на планските региони.)

## *1.5 С П Е Ц И Ф И Ч Н О С Т И*

- Го координира процесот на децентрализација и го следи интегралниот развој на општините,

- Ја следи територијалната организација на локалната самоуправа и развива стандарди за големината, населението и потребите на единиците на локалната самоуправа;

- Предлага и спроведува политики за рамномерен развој на државата

- Ја спроведува втората компонента од ИПА Програмата –Прекугранична соработка.

## 1.6 *СТРУКТУРА*



Утврдените сектори, надлежностите на секторите и описите на работните задачи на вработените во актите за организација и систематизација ќе се ревидираат во смисла на реалните надлежности и потреби на Министерството.

## *1.7. ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ (ПЛАНИРАНИ ПРОМЕНИ)*

Во наредните три години не се планирани промени на статусот на Бирото за регионален развој и Државниот инспекторат за локална самоуправа, органи во состав на Министерството со својство на правно лице.

## *1.8 ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ*

**Функционални и развиени единици на локалната самоуправа**

- Воедначени локални јавни услуги за сите граѓани
- Сеопфатен, осмислен и оддржлив локален раст и развој

**Развиени плански региони**

- Зголемена конкурентноста на планските региони
- Намалени диспаритети во и меѓу планските региони

**Интензивирана прекугранична соработка**

- Зголемено искористување на средства од ИПА-Прекугранична соработка
- Создадени услови за поефикасна имплементација на Програмите за прекугранична соработка

## 1.9 О С В Р Т Н А П О С Т И Г Н А Т И Т Е Р Е З У Л Т А Т И З А 2014 Г О Д И Н А

**Програма „Спроведување на процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа 2011-2014 година“**

1.Изготвен е Извештај за реализација на Програмата на Владата за процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа 2011-2014, за 2013 година . Извештајот содржи сеопфатни информации за остварениот напредокот на политиките на Владата поврзани со постигнување на осмислен, сеопфатен и одржлив локален развој, групирани во согласност со стратешките цели за остварувањето на приоритетите на Стратегијата „Европа 2020“, како и предизвиците за надминување на констатираните проблеми.

2.Реализирани се активности во рамките на Проектот “Изградба на спомен - обележјето плоштад Скендербег во Скопје” (2012-2017), преку кои е обезбедена финансиска поддршка за изработка на проектнатата документација за изградба на втората и третата фаза на наведениот објект.

3.Во соработка со ЗЕЛС е организирана Втората годишна конференции за одржлив, сеопфатен и осмислен раст на локалната самоуправа, на која присуствуваа повеќе од 180 учесници (градоначалници, претставници на сите министерства, членовите на Работната група за децентрализација и на Мрежата на контакт лица во министерствата, невладини организации, експерти и претставници на дипломатските претставништва во РМ). На тој начин е обезбедено вклучување на единиците на локална самоуправа во следење на реализацијата на Програмата за децентрализација и развој на локалната самоуправа 2011-2014.

4.Спроведено е анкетно истражување на задоволството на граѓаните од квалитетот на живот во местото каде што живеат и од услугите што им ги обезбедува општината. Анкетата е спроведена на примерок од 1.000 испитаници (на возраст од 18 и повеќе години), кој е национално репрезентативен по возраст, пол, етничка припадност, место на живеење, и регион. На тој начин е обезбедено вклучување на граѓаните во процесот на следење на реализацијата на Програмата за децентрализација и развој на локалната самоуправа 2011-2014

5.Спроведено е истражување на постојната состојба со функционирањето и финансирањето на противпожарната заштита на локално ниво . Врз основа на Извештајот од истражувањето иницирана е постапка за изменување и дополнување на Законот за пожарникарство, заради негово усогласување со Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

**Програма „ Рамномерен регионален развој “**

1.Финансирани се проекти за развој на 8-те плански региони, за развој на селата и на подрачјата со специфични развојни потреби, во вкупна вредност од 60 136 476 денари.

2.Изменета и дополнета е Стратегијата за регионален развој на Република Македонија 2009-2019.

3.Подготвени се нови петгодишни Програми за развој на осумте планските региони, со учество на претставници од релевантни државни институции, од општините , невладиониот сектор и од бизнис асоцијациите.

4.Воспоставени се пет Регионални бизнис центри за поддршка и советодавни услуги за мали и средни претпријатија во рамки на Центрите за развој на планските региони.

**Програма „ Поттикнување и поддржување на меѓуопштинската соработка “**

1.Подготвена е Анализа на постоечките облици и тековните политики на меѓуопштинската соработка со препораки за натамошно унапредување на меѓуопштинската соработка во Република Македонија. За подготовка на Анализата на постоечките практики и тековните политики на МОС посетени се сите 80 единици на локална самоуправа и градот Скопје.

2.Министерството како надлежен орган за водење на евиденција на меѓуопштинската соработка подготви софтвер за електронско водење на евиденцијата на меѓуопштинската соработка во Република Македонија која ќе биде достапна

на посебна веб страна за меѓуопштинска соработка која што ќе може да се користи од страна на општините и други заинтересирани субјекти за размена на искуства и промоција на потребите и придобивките од воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините.

3. Воспоставена е Мрежа за инклузивен развој на Вардарски плански регион и врз основа на досегашните согледувања за иновативноста на постоечките воспоставени облици направен е избор и како најуспешна меѓуопштинска соработка е наградена со финансиска поддршка во висина од 15.000 УСД, во денарска противвредност.

**Програма „ИПА Инструмент за претпристапна помош„**

1. Подготвени се нови Програми за прекугранична соработка меѓу Република Македонија и Албанија, Бугарија, Грција и Косово, во рамките на ИПА 2 за ИПА програмскиот период 2014-2020.

2. Потпишани се договори за користење на средства за имплементација на проекти за прекугранична соработка од Програмата за прекугранична соработка меѓу Република Македонија и Република Косово, во рамките на ИПА1 од програмскиот период 2007-2013.

## *1.10 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2015 ГОДИНА*

***(НЕ Е ЦЕЛОСНО, се чекаат податоци од сектор ИПА)***

**Програма „ Развој на децентрализиран и оддржлив систем на локалната самоуправа“**

1.Изготвена е и усвоена од Владата Програмата за одржлив локален развој и децентрализација, за периодот 2015 – 2020. Главната цел на Програмата е создадавање на економски посилни, развојно ориентирани и инклузивни единици на локалната самоуправа, способни да обезбедат сеопфатен, иновативен и оддржлив локален раст и развој на подрачјето на кое делуваат. Програмата е фокусирана, пред се, на остварување на доброто управување и развојот на институционална рамка за интегриран локален раст и развој, заснован на  социјалната благосостојба и одговорното користење на природните ресурси,  намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на општините и подигање на квалитетот на животот.

2.Изготвен е и усвоен Акцискиот план за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2015-2020, за периодот 2015-2017 година. Планираните активности се насочени кон: подобрување на институционалниот капацитет и ефикасноста на јавната администрација на локално ниво; подобрување на пристапот до услугите од страна на граѓаните и деловните субјекти; унапредување на социјалната инклузија и борба против сиромаштијата на локално ниво; промовирање на зелениот раст како нов пристап кон економскиот раст; справување со ризиците од климатските промени; зачувување на животната средина и одговорното користење на природните ресурси; и развој на еколошки и ниско јаглеродни транспортни системи и промоција на одржлива урбана мобилност.

3.Иготвена е Студија за постоечките е-услуги  на локално ниво и потребите и можностите  за  воведување на нови е-услуги од страна на општините, со патоказ за зголемување на нивото на е-услугите на локално ниво.

4.Обезбедена е финансиска поддршка за реализација на Проектот “Изградба на спомен - обележјето Плоштад Скендербег,  во Скопје” (2012-2017)

5.Ратификуван е Дополнителниот протокол кон Европската повелба за локална самоуправа за правото на учество во работите на локалната власт, со кој се поттикнува, остварување на правото на секој поединец на учество во работата на локалната власт, за работи од локална надлежност

6.Организирана е третата (годишна) конференции за одржлив развој на локалната самоуправа

7.Изготвена е Студија за постоечките е-услуги на локално ниво и потребите и можностите за воведување на нови е-услуги,

8.Изготвен е патоказ за зголемување на нивото на е-услугите на локално ниво,

9.Извешено е мапирањето на културното и природното наследство од значење за локалниот и регионалниот развој, по плански регион и по општина (мапирањето ќе биде целосно завршено во 2016)

10.Поддржана е подготовката на техничка документација за приоритента инфраструктура за развој на руралниот туризам во четири рурални општини

11.Изготвена е анализа на постојната состојба со организацијата, надлежностите, кадровската и техничка опременост на општинската администрација поврзана со ППЗ и заштитата и спасувањето на подрачјето на општините (по општини), со компаративен преглед на Европските искуства за начинот на организирање и финансирање на противпожарната заштита и заштитата и спасувањето во земјите членки на Советот на Европа, како основа за измена и дополнување на постојната правна рамка за противпожарна заштита и заштитата и спасувањето на локално ниво.

**Програма „Иновативни начини на извршување на надлежностите на единиците на локалната самоуправа “**

1.Во 2015 година врз основа на подготвената анализа на постоечките практики и тековните политики на МОС , изработен е Предлог – закон за изменување и дополнување на Законот за меѓуопштинска соработка кој се очекува да биде донесен до крајот на годината.

2.Воспоставени се меѓуопштински соработки на општините во рамките на Североисточниот плански регион и и во рамките на Пелагонискиот плански регион.
Во Пелагонискиот плански регион меѓуопштинската соработка се остварува преку Интегрирана мрежа за регионален развој , како облик на меѓуопштинска соработка кој покрај општините го вклучува и приватниот и невладиниот сектор
Во Североисточниот плански регион меѓуопштинската соработка се остварува преку Платформа за регионална рурална акција , како облик на меѓуопштинска соработка за поддршка на економскиот развој на руралните подрачја и населените места во регионот

**Програма „ Рамномерен регионален развој “**

1.Финансирани се проекти за развој на 8-те плански региони, за развој на селата и на подрачјата со специфични развојни потреби, во вкупна вредност од денари;
2. Подготвени Измена и дополна на Законот за рамномерен регионален развој;
3.Подготовка на Акциски план за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија 2016-2018;
4.Воспоставени се Регионални бизнис центри за поддршка и советодавни услуги за мали и средни претпријатија во рамки на Центрите за развој на Североисточниот, Пелагонискиот и Вардарскиот плански регион, со што е заокружен процесот на отварање на Регионални бизнис центри во сите плански региони.
5. Подготвени Водич за инвестиции со мапа на слободни индустриски зони во рамки на Регионалните бизнис центри на Скопскиот, Источниот, Полошкиот, Југозападниот и Вардарскиот Центар за развој на плански регион.

**Програма “Макро- регионална и прекугранична соработка“**

## 1.11 *П Р О Г Р А М И НА МЛС*

***Министерството за локална самоуправа за периодот 2016-2018 година има предвидено 3 програми кои се во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата на Република Македонија, како и на приоритетите и целите на Министерството.***

- ***Оддржлив локален развој и децентрализација,***
- ***Рамномерен регионален развој,***
- ***Макро-регионална и прекугранична соработка***

***Преку остварувањето на мерките и активностите предвидени во потпрограмите, Министерството за локална самоуправа ја остварува својата мисија и е создава услови за приближување до посакуваната визија.***

### 1.11.1. *Оддржлив локален развој и децентрализација*

Потпрограми:

1.Поттикнување на иновативна и ефикасна испорака на услуги од страна на општините

2.Поттикнување на одржливиот локален развој

3.Следење на развојот на локалната сампоуправа

### 1.11.2. *Рамномерен регионален развој*

Потпрограми:

1.Зголемување на конкурентноста на планските региони

2.Намалување на диспаритетите во и меѓу планските региони

### 1.11.4. *Макро-регионална и прекугранична соработка*

Потпрограми:

1. Имплементација на Програмите за прекугранична соработка
2. Зајакнување на институционалните капацитети на МЛС и на потенцијалните корисници на средства за поголемо искористување на средствата од ЕУ